Согласно член 99 од законот за високото образование (Сл. весник на Р.М. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 15/11) и правилникот за начинот и условите за организирање на практична работа за студентите, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје го донесе следното

## УПАТСТВО ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАКТИЧНА РАБОТА

За поголема информираност и почитување на постапката за остварување на практична работа ги известуваме студентите за следново:

1. Студентот може да оствари практична работа само во организации - установи со кои Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има склучено договор за изведување на практична работа за студенти (списокот на организациите - установите е истакнат на веб страната на Факултетот).

2. Практичната работа е во времетраење од најмалку 30 дена, и не помалку од 4 часа.

3. Пред почетокот на практичната работа од страна на Факултетот на студентот му се издава документ - потврда (упатница) за негово упатување до организацијата - установата каде ќе се реализира работата, потпишана од Деканот.

4. Во текот на реализација на практичната работа студентот е под надзор на ментор од компанијата.

5. Студентот за време на реализацијата на практичната работа води дневник за секојдневните активности.

6. По завршувањето на практичната работа студентот изготвува и доставува извештај и потврда за реализирана практична работа од компанијата до раководителот на Центарот за кариера. Во состав на извештајот влегува и дневникот за практична работа. Раководителот со потпис во индекс и пријавата ја потврдува реализацијата на практичната работа.